Д.П. бр. 1/2021

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Весна Дончева, претседател на советот, Александар Цацков, Лидија Рибарева, Илир Сулејмани и Ацо Колевски, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против Ј.Р., нотар од С., по одржаната расправа во согласност со член 22 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден 30.6.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Реублика Северна Македонија од страна Министерство за правда, УПП бр.09-14 од 1.2.2021 година, со кој е предложено нотарот Ј.Р. од С., да биде огласена виновна за сторена дисциплинска повреда од член 141 став (1) алинеја 1) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 5.7.2017г., под ОДУ бр. 251/17, солемнизирала - потврдила приватната исправа – Договор за купопродажба на недвижен имот - земјиште помеѓу Г.П и Е.М. од С., како продавачи, и Друштвото за производство и трговија М.О. дооел - С., како купувач, во која констатирала дека договорната купопродажна цена во износ од 4.514.000,оо денари била исплатена во целост при потпишувањето на договорот, а на ден 1.9.2017 година потврдила(солемнизирала) приватна исправа - Анекс број 1 кон Договор за купопродажба на недвижен имот под ОДУ бр.251/17 од 5.7.2017 година, помеѓу Г.П и Е.М. од С., како продавачи и Друштвото за производство и трговија М.О.Д.- С., со кој продавачите му продаваат дел од површина од 2.257 м2 од имотот на продавачот, а во согласност со Геодетскиот елаборат за физичка делба за вкупна купопродажна цена од 4.514.000,оо денаири, без претходно нотарот да констатира дали на продавачите им е исплатена купопродажната цена за недвижниот имот - земјиште, па на таков начин да постапила спротивно на член 30 став (2) и 56 став (3) од Законот за нотаријатот, **СЕ ОТФРЛА** поради настапената застареност за поведување на дисциплинска постапка.

2.Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Реублика Северна Македонија, од страна Министерство за правда, УПП бр.09-14 од 1.2.2021 година, со кој е предложено нотарот Ј.Р. од С. да биде огласена виновна за сторена дисциплинска повреда од член 141 став (1) алинеја 1) од Законот за

нотаријатот, поради тоа што на ден 5.7.2017 година, под УЗП бр. 8434/17 заверила Преддоговор за купопродажба на недвижен имот - идна ствар - стан, склучен на ден 1.2.2017 година, помеѓу М.О.Д. -С., како продавач и Г.П. како купувач, за купопродажна цена во износ од 34.275,оо евра во денарска противвредност, под УЗП бр. 8433/17 заверила Преддоговор за купопродажба на недвижен имот- идна ствар-стан, склучен на ден 1.2.2017 година, помеѓу М.О.ДООЕЛ - С., како продавач и Е.М, како купувач, за купопродажна цена во износ од 33.606,оо евра во денарска противвредност, и под УЗП бр.8432/17 заверила Преддоговор за купопродажба на недвижен имот - идна ствар -стан, склучен на ден 1.2.2017 година, помеѓу М.О.ДООЕЛ С., како продавач и М.П, како купувач, за купопродажна цена во износ од 5.518,оо евра или 4.514.000,оо денари во денарска противвредност, кои Преддоговори не се составени од адвокат и не содржат адвокатски потпис и печат, па на таков начин да постапила спротивно на член 30 став (2) и 56 став (3) од Законот за нотаријатот, **СЕ ОТФРЛА** поради настапената застареност за поведување на дисциплинска постапка.

3.Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Реублика Северна Македонија, од страна Министерство за правда, УПП бр. 09 -14 од 1.2.2021 година, со кој е предложено нотарот Ј.Р. од С. да биде огласена виновна за сторена дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 5.7.2017 година, под ОДУ бр. 251/17, направила писмена исправка на солемнизираната приватна исправа – Договор за купопродажба на недвижен имот под ОДУ бр. 251/2017, иако не се работело за техничка и јазична грешка, па на таков начин да постапила спротивно на член 42 став (3) од Законот за нотаријатот, **СЕ ОТФРЛА** поради настапената застареност за поведување на дисциплинска постапка.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставени до Дисциплинскиот совет на НКРСМ, од страна на Министерство за правда, УПП бр. 09-14 од 1.2.2021 година, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението, сторила дисциплински повреди по член 140 став (1) алинеја 1) и 141 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка, именуваниот нотар во својата одбрана изнесена писмено со поднесокот од 21.4.2021 година и усмено на расправата, меѓу друго, наведе дека целата постапка е безпредметна, бидејќи подносителите на претставката Г.П и Е.М повлекле претставката доставена до Министерство за правда. Во случајов не е спорно дека меѓу странките е постигнат договор за отстапување на дел од градежното земјиште, за што на отстапувачите да им припадне право на девет станбени единици. Во случајов постоела јасна волја на договорните страни продажната цена да биде платена со компензација, без оглед на наводите дека не постоела волја за таков начин на плаќање, бидејќи самите подносители на претставката навеле дека продажната цена се поклопува со продажната цена на деветте станови. Договорот е заверен со адвокатски печат од страна на Д.К. и, адвокат од С., кој согласно со законските одредби одговара за содржина на договорот и истиот треба да даде изјава зошто во договорот не навел дека плаќањето ќе се врши по пат на компензација. Во случајов настапила застареност за поведување на дисциплинска постапка во согласност со член 119 од Законот за нотаријатот.

За доказ се доставени : фотокопија на предметите ОДУ бр. 251/17, УЗП бр. 8432/17, УЗП бр.8433/17 и УЗП бр.8434/17, сите од 5.7.2017 година и изјава за повлекување на претставката од страна на Г.Пи Е.Мод 7.12.2020 година.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од предлогот за поведување на дисциплинска постапка и одбраната на нотарот, како и врз основа на извршениот увид во наведените докази Дисциплинскиот совет го утврди следното :

Нотарот на ден 5.7.2017 година, под ОДУ бр.251/17, солемнизирала - потврдила приватната исправа – Договор за купопродажба на недвижен имот – земјиште, склучен помеѓу Г.П. и Е.М. од С., како продавачи, и Друштвото за проиводство и трговија М.О. Дооел-С., како купувач, во која констатирала дека договорната купопродажна цена во износ од 4.514.000,оо денари била исплатена во целост при потпишувањето на договорот, а на ден 1.09.2017 година, потврдила (солемнизирала) приватна исправа - Анекс број 1 кон Договор за купопродажба на недвижен имот под ОДУ бр.251/17 од 5.7.2017 година, помеѓу Г.П и Е.М.од С., како продавачи и Друштвото за производство и трговија М.О.Д -С., со кој продавачите му продават дел од површина од 2.257 м2 од имотот на продавачот, а во согласност со Геодетскиот елаборат за физичка делба за вкупна купопродажна цена од 4.514.000,оо денари, без претходно да констатира дали на продавачите им е исплатена купопродажната цена за недвижниот имот-земјиште, па на таков начин, според наводите од

предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-14 од 1.2.2021 година, да постапила спротивно на членот 30 став (2) и 56 став (3) од Законот за нотаријатот

Нотарот на ден 5.7.2017 година, под УЗП бр. 8434/17 заверила Преддоговор за купопродажба на недвижен имот-идна ствар-стан, склучен на ден 1.2.2017 година, помеѓу М.О.Д-С., како продавач и Г.П., како купувач, за купопродажна цена во износ од 34.275,оо евра во денарска противвредност, под УЗП бр. 8433/17 заверила Преддоговор за купопродажба на недвижен имот-идна ствар-стан, склучен на ден 1.2.2017 година, помеѓу М.О.Д - С., како продавач и Е.М, како купувач, за купопродажна цена во износ од 33.606,оо евра во денарска противвредност, и под УЗП бр. 8432/17 заверила Преддоговор за купопродажба на недвижен имот-идна ствар-стан, склучен на ден 1.2.2017 година, помеѓу М.О.Д -С., како продавач и М.П, како купувач, за купопродажна цена во износ од 5.518,оо евра или 4.514.000,оо денари во денарска противвредност, кои Преддоговори не се составени од адвокат и не содржат адвокатски потпис и печат, па на таков начин, според наводите од предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-14 од 1.2.2021 година, да постапила спротивно на член 30 став (2) и 56 став (3) од Законот за нотаријатот.

Нотарот на ден 5.7.2017 година, под ОДУ бр. 251/17, направила писмена исправка на солемнизираната приватна исправа – Договор за купопродажба на недвижен имот под ОДУ бр. 251/2017, иако не се работело за техничка и јазична грешка, па на таков начин, според наводите од предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-14 од 1.2.2021 година, да постапила спротивно на членот 42 став (3) од Законот за нотаријатот.

Поради напредизложеното, подносителот на предлогот смета дека нотарот сторила дисциплински повреди по член 140 став (1) алинеја 1) и 141 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријаот.

Меѓутоа, при утврдената состојба по предметот, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во случајов настапила застареност на поведувањето на дисциплинска постапка, на што основано укажува нотарот во изнесената одбрана, поради следниве причини :

Според член 143 став (1) од Законот за нотаријатот ("Сл.весник РМ" бр.72/16), поведувањето на дисциплинска постапка застарува во рок од три години од денот на сторувањето на повредата. Во конкретниов случај, како ден на евентуално сторување на дисциплински повреди опишани во диспозитивот на решението, треба да се смета 5.7.2017 односно 1.9.2017 година година, кога се составени наведените нотарски исправи. Сметано од наведените дата изминал законскиот рок од три години од цитираниот член 143 став (1) во

кој можела да биде поведена дисциплинска постапка против нотарот, ако се има предвид дека подносителот на предлогот, постапувајќи по претставката на лицата Г.П и Е.М. од С., која на ден 16.12.2020 година е повлечена, извршил надзор над работењето на нотарот на ден 20.11.2020 година, а дека предлогот до Нотарската комора е доставен на ден 5.2.2021 година.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението согласно член 24 став (2) алинеја 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА**
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**Претседател**
**Весна Дончева**

ПРАВНА ПОУКА: против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата;
- По конечноста до Министерство за правда;